**ВО ПРЕСРЕТ НА 70 ЈУБИЛЕЈ НА ДФРМ (1950-2020)**

## 70 ГОДИНИ ДФРМ ДРУШТВОТО НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

Скоро 7 децении (1950-2020), постоење на една асоцијација во рамките на културата на една држава, се убедлив доказ за суштината и значењето на ДРУШТВОТО НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА, како двигател на сите најзначајни случувања и резултати во рамките на македонската кинематографија. ДФРМ од своето основање стана зародиш и гарант на организираното осмислување и планирање на развојот на повоената кинематографија во Република Македонија, со симболично, два почетока, оној пионерскиот во 1950 година, како составен дел на обединувачката тогашна општојугословенска реалност и вториот зародиш, со осамостојувањето на нашата држава, продоложување и зачекорување во новото автохтоно време на нашата национална кинематографија, од 1991 година наваму. ДФРМ во своите редови ги здружи сите технички и кретивни профили, кои се обединија во заедничкото континуирано развивање и градење на македонската кинематографија, преку нејзиниот синоним и инкарнатор - **Продуцентската куќа ВАРДАР ФИЛМ**, за која се врзуваат неколку децении интензивна филмска продукција со бележити резултати, што во рамките на генералната поранешна југословенска кинематографија, како федерално обединувачка, на македонската република и’ обезбедија високо рангирање. Во паралелното взаемно испреплетување, во функција на општиот домашен и особено меѓународен подем на македонската кинематографија, ДФРМ беше со децении гарант за професионалното функционирање на единствениот продуцент Вардар Филм, чии членови го осмислуваа своето организирано делување и пред се’ функционирање на кинематографијата во сите нејзини сегменти. Најсуштинската функција на своето постоење во континуитет му останува грижата за создавање преку обука и школување на нови кадри, нивно стручно градење и усовршување, како и заштита на професионалните права и интереси на сите членови, кои својата припадност кон ДФРМ ја верификуваат преку редовно платената членарина, со што им е загарантирано учеството и гласањето со потребниот кворум на редовните годишни собранија, кога членството го

бира својот претседател (со 4 годишен мандат и право на реизбор) и другите организациски органи.

-Од своето основање до денес, ДФРМ има неколку верзии на својот **Статут**, последната, најнова (пречистен текст) е донесена на 9 Март 2016, од Собранието на ДФРМ. Статутот на 20 страници, има 105 Члена поделени во 12 поглавја:

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ** (со првиот Член 1, ДРУШТВОТО НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА е здружение на граѓани формирано со слободно здружување на филмски работници кои работат во Република Македонија и се темели на заедничкото дејствување во насока на остварување на заедничките професионални цели и интереси утврдени со овој Статут); **II. НАЗИВ, СЕДИШТЕ И ДЕЈНОСТ; III. НАЧЕЛА НА ДРУШТВОТО; IV. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ДРУШТВОТО** (Член 12 Основните цели на Друштвото се остварување и заштита на правата и интересите на македонските филмски професионалци кои делуваат на територијата на Република Македонија и во странство, како и обезбедување континуиран развој на филмската дејност, стимулирање и унапредување на филмската професија, промоција на филмската уметност и култура.); **V. УСЛОВИ И НАЧИН НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО** (Член 18 Членувањето во Друштвото е доброволно. Членови на друштвото можат да бидат филмски работници и физички лица кои не се занимаваат активно со филм, но учествуваат повремено во работата на филм. Член 25 Членовите на Друштвото ги избира Собранието на Друштвото со писмен предлог на Управниот Одбор, согласно постапката на избирање уредена во Правилникот за членство и членарина) ; **VI. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ; VII. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО** (Член 33 Со Друштвото управува членството преку своите избрани претставници во органите на Друштвото. Член 34 Органи и тела на Друштвото се: Собрание, Управен одбор, Претседател, Надзорен одбор, Судот на честа, Стручна служба, Работни групи, комисии и други тела, кои можат да бидат постојани и привремени, а кои се основаат од органите на Друштвото во рамки на нивните надлежности); **VII.1. СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО** (Член 36 Собранието е највисок орган на управување со Друштвото, составено од членовите на Друштвото. Член 38: Седница на Собранието свикува

Претседателот на Собранието. Собранието одржува седница најмалку еднаш годишно. -Член 40: Собранието полноважно одлучува ако се присутни над 50% од членовите на Собранието. Собранието одлуките ги донесува со мнозинство на галсови од присутните членови...Седница на Собранието може да биде одржана со присуство и право на гласање на членовите и преку телефонска конференциска врска); **VII.2. УПРАВЕН ОДБОР НА ДРУШТВОТО** (Член 49: Управниот одбор е колективен извршен орган на Собранието. Управниот одбор има 11 членови. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години, со можност за повторен избор. –Член 50: Управниот одбор го сочинуваат: Претседателот на Друштвото, Генералниот секретар, по еден претставник од секој сектор кои се вкупно 6 и три члена со редовен статус избрани од Собранието со тајно гласање. Претседателот на Друштвото е Претседател на Управниот Одбор); **VII.3. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДРУШТВОТО** (Член 56: Претседателот на Друштвото е законски застапник на Друштвото кој е овластен за застапување и претставување на Друштвото. Претседателот на Друштвото е претседател на Собранието и претседател на Управниот одбор. Претседателот го избира Собранието за период од 4 години со право на повторен избор ); **VII.5. НАДЗОРЕН ОДБОР НА ДРУШТВОТО; VIII.6. СУД НА ЧЕСТА; IX. СТРУЧНА СЛУЖБА НА ДРУШТВОТО; X. СЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО** (Член 80: Во рамките на Друштвото делуваат 6 сектори кои ги сочинуваат филмски работници од исти или приближно исти звања и тоа: Сектор на режија, Сектор на продукција, Сектор на сценографија и костимографија и шминка, Сектор на монтажа и тон, Сектор на анимиран филм, Сектор на камера); **XI. КЛУБ НА ФИЛМСКИ АВТОРИ; XII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРУШТВОТО ; XIII. ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКАТА КАМЕРА/ИФФК, "БРАЌА МАНАКИ"** (Член 92: Друштвото е иницијатор, основач и организатор на ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКАТА КАМЕРА "Браќа Манаки". Член 96: Со фестивалот раков оди Директор. Друштвото го избира Директорот на Фестивалот од своето членство или/и реномиран домашен или странски државјанин докажан во филмскиот свет, со мандат од 2 години, со право на повторен избор); **XIV. ИЗБОР НА МАКЕДОНСКИ КАНДИДАТ ЗА НОМИНАЦИЈА ЗА НАГРАДАТА СТРАНСКИ ОСКАР …**

- Во својот поширок домен на грижа за кинематографските добра и интереси генерално во Македонија, како континуитет на своите ангажирања, директни или индиректни, е и интересирањето на ДФРМ за кинофикацијата/кино-мрежата. Така, како неизбежна илустрација, во златниот период на ДФРМ, кое се грижеше за функционирањето на кинематографијата во Република Македонија, имаше рекордна бројка од кино-сали, само Скопје како главен град имаше скоро 20, со дури 5 летни кина на отворено, а Битола со 4, и со скоро по минимум едно или две кина во секој град во Македонија, за денес да се соочиме со загрижувачки пад и општ минимум од кина. Како најфлагрантен негативен биланс е големиот пад во Скопје со само 3 активни адреси (Милениум, МКЦ/Фросина и Кинотека, а утешен е синџирот од 9 кина на едно место во Сити Мол/Cineplex), а Битола, иако фестивалски град, сега го има само киното во Домот на Културата). Носталгично реално е потсетувањето на некогашната поволна кино-мрежа низ републиката, кога и дистрибуцијата на домашниот и светскиот филм беше богата, така што во текот на годината на кинорепертоарот низ Македонија се прикажуваа околу 200 филмови од десетина сојузни/ex YU дистрибутерски куќи, што на домашната публика и' овозможуваше да биде рамноправен дел од светската.

Најзначајниот сегмент од домашната кинематографија, во што ДФРМ го фокусираше своето професионално внимание, беше и останува филмската продукција во сите форми и категории, од краткометражниот и долгометражниот игран филм, преку краткиот и целовечерниот документарен, до анимираниот филм. ДФРМ, во спрегата со единствниот продуцент Вардар Филм, преку своето редовно членство, на сите кадровски и уметнички профили, се грижеше и се грижи за обезбедување креативен генерациски и со тоа продукциски континуитет. Во своето златно време Вардар Филм - зад кој стоеше како гарант со своето членство ДФРМ, на творечки/креативен план, во аналите на трајната меморија на својата архива, со депонираните филмови во **Македонската Кинотека** (која традиционално се грижи за чување на домашниот филмски фонд, во поновата фаза и со дигитализација на антологиските дела и циклусите на опусите на истакнатите домашни автори), како сведоштво за своите успеси ја има документаристичката школа со стотици

краткометражни документарци и десетина целовечерни, за што сведочат освоените награди на општојугословенскиот Мартовски фестивал во Белград, со многу Златни, Сребрени и Бронзени Медали за водечките документаристи: Трајче Попов, Бранко Гапо, Димитрија Османли, Кочо Недков , Столе Попов, Мето Петровски, Лаки Чемчев и др. На меѓународен план за таа висока позиција доказ се освоената Гран При на светскиот водечки фестивал во Оберхаузен за документарецот ДАЕ (1979) на Столе Попов и потоа најголемиот успех на истиот филм, Номинацијата (1980 г.) меѓу 5-те најдобри во светот за Оскарот во таа категорија. Тука се и освоените награди во Краков за филмот ГОЛГОТА (1979) на Мето Петровски, до "Златната-АмонРа" награда на фестивалот во Исмалија/Египет, за документарецот на Митко Панов БЕРИЌЕТ. Во категоријата на целовечерните документарни филмови како врв со освоените Златни Медали во Белград, зрачат филмовите: ТУЛГЕШ (1977) на Коле Манев и АВСТРАЛИЈА, АВСТРАЛИЈА (1976) на Столе Попов, предходно во Венеција 1964 , освоениот Специјален Златен Лав за документарниот филм СКОПЈЕ '63 на режисерот/гостин Вељко Булаиќ. За најновиот подем на македонскиот документаризам гаранција најнапред беше првенецот РАДОСТ НА ЖИВОТОТ (2001) на авторот Светозар Ристовски, закитен со награда на фестивалот во Висбаден 2002 г. потоа филмот ПЛАТИ И ЖЕНИ (2009) на авторот Атанас Георгиев, учесник на многу интернационални фестивали, а охрабрува и наградата "Срцето на Сараево" во категоријата на долгометражни документарни филмови за филмот ШНАЈДЕРКИ (2010) на авторката Билјана Гарванлиева, освоена на Сараевскиот филмски фестивал во 2010 г. Во краткиот игран жанр, исто така бележити успеси, од наградите на Белградскиот фестивал, преку Дипломата во програмата Панорама на Берлинскиот Фестивал (2001) за краткиот игран филм ВЕТА на авторката Теона Митевска, до еден од најголемите, остварен во самостојната, независна македонска кинематографија - "Малиот Златен Леопард" на фестивалот во Локарно (2005) за краткиот игран филм БУБАЧКИ на авторот Игор Иванов Изи, а по неговото престижно учество во Компетицијата за Малата Златна Мечка на еден од трите најголеми светски фестивали-Берлинскиот во 2004 г. Од помладата авторска генерација во краткиот игран жанр, меѓу поновите успешни филмови, учесници на домашни и странски фестивали и

лауреати, се и кратките играни филмови: ЕДЕН (2009) и ЧОВЕКОТ СО НАВИКА ДА МЕ УДИРА СО ЧАДОР ПО ГЛАВА (2012) на режисерот&сценарист, Вардан Тозија; БАРДО (2012) и АМБИ (2017) на режисерката&сценаристка Марија Апчевска; ДОАЃААТ ОД ЦЕНТАРОТ НА СВЕТОТ и БЕЗ ЉУБОВ (2018) на авторката Дина Дума; ИДНИНАТА Е НАША (2018) на режисерот Андреј Георгиев; ВИДИ ЈА ТИ НЕА (2017) на авторот Горан Столевски, кој на светската премиера во рамките на 38 Браќа Манаки, во компетицијата на кратки филмови на кинематограферот Наум Доксевски му ја донесе "Малата Златна Камера 300", а потоа на фестивалот во Санденс ја освои наградата за најдобар краток игран филм.

- Во златното време на продуцентот Вардар Филм, што ДФРМ го имаше како посебна гордост, е функционирањето и на Студиото за цртан/анимиран филм, кога во периодот од 15 години, од почетокот на 1970-те до средината на 1980-те, македонската анимација се вивна во врвот на југословенската, со бројни освоени награди на Мартовскиот фестивал во Белград, за делата на водечките аниматори: Петар Глигоровски, творецот на првиот македонски авторски анимиран филм ЕМБРИОН НОМЕР-М во 1971, за дури по 5 години да се појави неговиот и воопшто најуспешниот македонски анимиран филм ФЕНИКС (со освоената Сребрена Мечка на фестивалот во Берлин), а следната 1977 е реализиран исто така ефектниот АДАМ 5 ДО 12. Дарко Марковиќ се покажа како најплоден македонски аниматор: СТОП (1976), БЕЛО ТОПЧЕ (1977), СТРЕЛБИ (1977), РАКА (1980) и многу други, за кои се закити со бројни домашни и странски награди; Боро Пејчинов: БЛИЖНИ НАШИ (1977), ОТПОР (1978), ТОА Е МОЈОТ ЖИВОТ (1986); Делчо Михајлов со ХОМО ЕКРАНИКУС (1977) и ЉУБОВНА ПРИКАЗНА (1982). Како врвни меѓународни успеси остануваат Сребрената Мечка освоена во Берлин 1977 и во Анеси една од главните награди за анимираниот филм ФЕНИКС на Петар Глигоровски, потоа наградите за ОТПОР на Боро Пејчинов во Оберхаузен и Анеси. Дарко Марковиќ, работејќи и за ТВ Скопје, во 1977 г. на Фестивалот во Монтре ја освои Сребрената Роза за неговото анимирано ТВ Шоу МИШ-МАШ, потоа се редеа награди за неговите кратки анимирани филмови: ПОСЛЕДЕН ПРОЗОРЕЦ , награден во 1979 г. во Оберхаузен, истата година ЦИРКУС освои Сребрен Змев во Краков, РАКА, лауреат на наградата ФИПРЕСЦИ во Оберхаузен 1980 и одново во 1983 за ФОТЕЉА. Предходно,

во 1982 г. за ТВ анимираниот филм ФЕСТИВАЛ Дарко Марковиќ одново се закити во Монтре овој пат со Бронзена Роза. Неговиот последен лауреат, по враќањето од престојот во Лондон, беше компјутерски анимираниот филм ФАСАДИ награден на фестивалот во Кавала. Од најмладата сегашна генерација македонски аниматори, Наградата на Сараевскиот Фестивал за првенецот ВНАТРЕ (2009) на младиот талентиран автор Иван Ивановски, влеа надеж дека македонската анимација успешно го започна својот нов период во самостојната македонска кинематографија. Кон Ивановски (кој продолжи со новите филмови: НАРОДЕН ФРОНТ 12 (2012) и најновиот ОБРАЗЕЦ Б16 (2018), од младата генерација автори аниматори се приклучија: Вук Митевски со филмот АЛЕРИК (2013), Жарко Иванов со КРУЖНО ПАТУВАЊЕ НА СЕНКАТА (2013), ROUD TRIP:MARY (2015) и најновиот МОНАХОТ (2018), Елеонора Венинова со ЧОВЕКОТ КОЈ ГО УКРАДЕ СОНЦЕТО (2014), Гоце Цветановски со ЧОВЕКОТ КОЈ НЕ САКАШЕ ДА УМРЕ (2015), Владимир Лукаш со ДЕВОЈКАТА КОЈА ПАЃА (2015), Крсте Господиновски со ГОТЛИБ (2018). Заживувањето на новата македонска филмска анимација е решавачки овозможено со грижата и продукциската поддршка од страна на **Филмскиот Фонд на Македонија**.

Долгометражниот игран филм испишуваше и испишува посебна страница во аналите на некогашната и сегашната самостојна македонска кинематографија. Со околу стотина реализирани играни филмови ДФРМ и Вардар Филм и со осамостојувањето на Република Македонија, новата институција задолжена за филмската продукција - Филмскиот Фонд, можат да бидат делумно задоволни со оствареното. Првично со базичната/стартна позиција што македонскиот игран филм ја имаше во рамките на југословенската играна продукција, со редовните учества и наградите на Пулскиот Фествал, со филмовите на режисерите Бранко Гапо со: ВРЕМЕ БЕЗ ВОЈНА (1969), ВРЕМЕ ВОДИ (1980), НАЈДОЛГИОТ ПАТ (1976), и по независноста МАКЕДОНСКА САГА (1993); Димитрие Османли со МЕМЕНТО (1967 ) и ЖЕД (1971) и по независноста АНГЕЛИ НА ОТПАД (1996); Трајче Попов со МАКЕДОНСКА КРВАВА СВАДБА (1967) и ПРЕСУДА (1977); Ацо Ѓурчинов со ИСПРАВИ СЕ ДЕЛФИНА (1977); Коле Ангеловски со ТАТКО/КОЛНАТИ СМЕ ИРИНА (1973) и ВИКЕНД НА МРТОВЦИ (1988); Кирил Ценевски со ЦРНО СЕМЕ (1971), ПОКОЈ Р’ЦИ ЈАД (1975), ОЛОВНА БРИГАДА (1980) и ЧВОР (1985); Стево Црвенковски со ЈУЖНА ПАТЕКА (1982) и НЕЛИ

ТИ РЕКОВ (1984); Љубиша Георгиевски со РЕПУБЛИКА ВО ПЛАМЕН (1969), Владимир Блажевски со HI-FI (1987), Столе Попов со ЦРВЕНИОТ КОЊ (1981), СРЕЌНА НОВА '49 (1986) ТЕТОВИРАЊЕ (1991) и по независноста GYPSY MAGIC (1997) и ДО БАЛЧАК (2014). Најголемиот успех во тоа време, во рамките на општојугословенската кинематографија, како еден од најдобрите македонски играни филмови воопшто, беше ЦРНО СЕМЕ (1971) на Кирил Ценевски, кој по триумфот и освоените Златни Арени на фестивалот во Пула, го започна меѓународниот поход со освоената "Жар Птица"-Награда на престижниот фестивал во Москва.

- Со самостојноста на Република Македонија, остварен е и најголемиот успех на сите времиња за едно играно филмско дело на наш автор, тоа е Златниот Лав за првенецот на Милчо Манчевски - ПРЕД ДОЖДОТ во Венеција 1994 и следната 1995, Номинацијата меѓу 5-те најдобри светски филмови во трката за Странскиот Оскар, што потоа се збогати со уште десетина награди и учества на повеќе од 40 светски фестивали.

Иницираниот подем во меѓународни рамки од Милчо Манчевски, го продолжи тој самиот со следните филмови: ПРАШИНА (како филм на отворање на Фестивалот во Венеција, 2001), потоа третиот СЕНКИ (2007) што исто така го обиколи светот, до доку-играниот филм МАЈКИ (2010), кој светскиот поход го започна во Торонто, го отвори 31 Фестивал Браќа Манаки, потоа беше селектиран/прикажан и на престижната Панорама на 61 БЕРЛИНАЛЕ/2011, а на 39 Белградски ФЕСТ/2011, стана лауреат на Наградата во рамките на пограмата Европа вон Европа. Кога сме кај Манчевски, негов предпоследен игран филм е BIKINI MOON (2017), со ефектниот краток игран THE END OF TIME (2017), а во 2019 ќе се појави неговиот најнов игран филм ВРБА. Предходно, со своите играни филмови СРЕЌНА НОВА '49 (1986, учесник во Компетицијата на Сан Себастиан), ЦРВЕНИОТ КОЊ (1981) и ТЕТОВИРАЊЕ (1991, како прв македонски кандидат за Странскиот Оскар, по независноста на Република Македонија) - свој удел во афирмацијата на македонската играна продукција имаше и искусниот Столе Попов. Придонес имаат и Антонио Митриќески со своите два филма ПРЕКУ ЕЗЕРОТО (1997) и КАКО ЛОШ СОН (2002), Иво Трајков со ГОЛЕМАТА ВОДА (2004), СОЗЕРЦАНИЕ (2009) и МЕДЕНА НОЌ (2015), како и дебитантот Владо Цветановски со филмот ТАЈНАТА КНИГА (2006). Од

интернационалните копродукциски проекти останува КАРАУЛА (2006) на Рајко Грлиќ, целосно снимен во Македонија, исто како и Ирскиот КАКО ДА МЕ НЕМА (2010) и делумно во Битола снимaниот НОРМАЛ (2009), во чешко-македонска копродукција, до МИСИЈА ЛОНДОН (2010) и од поновата продукција ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СКОПЈЕ (2016), режиско деби на Раде Шербеџија. Македонската филмска продукција преку Филмскиот Фонд е поврзана и ориентирана на копродукции со мнозинско или малцинско финансиско партиципирање. По зацртаната патека од Милчо Манчевски, зачекорија група режисери: Теона Митевска со своите играни филмови: КАКО УБИВ СВЕТЕЦ (2003), ЈАС СУМ ОД ТИТОВ ВЕЛЕС (2007) до ЖЕНАТА КОЈА ГИ ИЗБРИША СОЛЗИТЕ (2015) и најновиот КОГА ДЕНОТ НЕМАШЕ ИМЕ (2017) , кои премиерно учествуваа во рамките на Берлинската Панорама, а потоа и на бројни светски фестивали со неколку освоени награди, потоа Светозар Ристовски со успешниот дебитантски филм ИЛУЗИЈА (2004) и ЛАЗАР (2015), исто така дебитантката Анета Лешниковска со Догме филмот- БОЛИ ЛИ? (2007), па целовечерниот првенец ПРЕВРТЕНО (2007) на Игор Иванов Изи, КОНТАКТ (2005) на Сергеј Станојковски. Дарко Митревски и Александар Поповски, предходно беа тандем-корежисери на филмот ДОВИДУВАЊЕ НА 20-ОТ ВЕК (1998), до самостојниот репертоарски рекордер пред домашната публика БАЛ-КАН-КАН (2005) на Дарко Митревски, кој исто така се закити со неколку престижни награди, а во рамките на интернационалната копродукција дебитираше и Митко Панов со играниот филм ВОЈНАТА ЗАВРШИ (2010) и најновиот СВЕДОКОТ (2018), а тука неизбежно мора да се потенцира дека Митко Панов е автор на малото играно ремек дело, СО КРЕНАТИ РАЦЕ (1985), кој уште стартот, од неговите студентски денови во Полска, се закити со Малата Златна Палма во кратката компетиција на Кан. По успешната посветеност на документарната форма со целовечерните филмови: СПИСОКОТ НА ТОНИ МАНЏА, ПОГЛЕДНИ ГО ЖИВОТОТ НИЗ МОИТЕ ОЧИ, СИ БАРАМ НЕВЕСТА) и Марија Џиџева бележи колективен успех со своите млади колешки од ex-YU просторите, со играниот Омнибус НЕКОИ ПОИНАКВИ ПРИКАЗНИ (2010), кој учествуваше на досега десетина светски фестивали.

-Континуитетот на македонската играна продукција се обезбеди со појавата на снимените филмови: ОВА НЕ Е АМЕРИКАНСКИ ФИЛМ (2011)

на дебитантот Сашо Павловски, ПАНКОТ НЕ Е МРТОВ на искусниот Владимир Блажевски (со освоениот Кристален Глобус во програмата Источно од западот, на фестивалот во Карлов Вари, 2011) и Омнибусот СКОПЈЕ РЕМИКС (2012) на група сценаристи&режисери, меѓу кои попознати се: Огнен Димитровски, Срџан Јаниќиевиќ, Даријан Пејовски (кој потоа, во 2015, успешно ќе дебитира со целовечерно играниот филм ТРИ ДЕНА ВО СЕПТЕМВРИ), Борјан Зафировски, Вардан Тозија ( кој исто така во 2016, успешно ќе дебитира со целовечерниот игран филм ЏГАН) и Ѓорче Ставрески (со својот дебитантски филм во 2017, ТАЈНАТА СОСТОЈКА, ќе освои неколку награди, со учество на над 15 светски фестивали, што претставува втор по ефект успех на еден македонски филм на сите времиња по успесите на Милчо Манчевски со ПРЕД ДОЖДОТ. Тука се и филмовите: БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ (2013) на Александар Поповски, ТРЕТО ПОЛУВРЕМЕ (2013) на Дарко Митревски, СОБА СО ПИЈАНО (2013) на Игор Иванов Изи и ДЕЦАТА НА ЗИМСКОТО СОНЦЕ (2014) на Антонио Митриќески.

Со основањето на Филмскиот Фонд, ДФРМ и неговото професионално членство ќе мора да имаат поголем удел во неговото работење, пред се' застапеност на разни профили, продуценти, сценаристи, режисери, кинематографери и други, кои со тоа учество гледаат поголема сигурност во филмската продукција, како и во креирањето на генералната кинематографска политика. Зашто, во взаемната соработка, треба да се бара стратегијата за повеќе нови и квалитетни уметнички дела во сите категории и жанрови, со кои ДФРМ ќе влијае и врз уште поголемата значајна афирмација и презентација на македонскиот филм во странство, пред се' учество на фестивали и размена во билатералата на културна презентација со други светски кинематографии.

По независноста, во македонската филмска продукција се појави голем број продуцентски куќи, главно врзани за една личност иницијатор воедно водечки продуцент. Според покажаните меѓународни резултати во групата на истакнатите продуценти кои стојат и зад конкретна продуцентска куќа се: Томи Салковски (СФС/Скопје Филм Студио), Лабина Митевска (Sisters&brother Mitevski), Роберт Насков (Кино Око), Владимир Анастасов (Сектор), Владо Блажевски и Дарко Попов (Панк Филм), Ѓорче

Ставрески (Фрагмент Филм), Свето Ристовски (Small Moves), Огнен Антов (Dream Factory), Роберт Јазаџиски (Кавал Филм).

Значајна придобивка во ширењето на филмската култура кај домашната публика, афирмацијата на нашата филмска уметност, како и запознавањето со високите уметнички дострели на светскиот филм, за ДФРМ претставува основањето  и организирањето на една од најзначајните Интернационални културни манифестации во Република Македонија-Фестивалот на Филмската Камера, најстариот во својот ранг, првиот светски фестивал посветен на креативноста на кинематограферите/директорите на фотографија - ФЕСТИВАЛОТ БРАЌА МАНАКИ што од 1979 се одржува во Битола и чие зачекорување во 4-та деценија/40-от во 2019, го бележи својот силен меѓународен подем и уште посилна афирмација на нашата кинематографија и како држава домаќин. ДФРМ, како основач на Битолскиот фестивал и натаму ќе настојува да ја има движечката улога во организацијата и одржувањето на неговиот висок меѓународен рејтинг. Негови највисоки дострели во програмскиот концепт се: официјалната Компетиција Камера 300, во која во секое фестивалско издание се селектирани најврвните целовечерни филмски остварувања од најновата светска филмска продукција, со акцент на креативноста на кинематограферите кои се во трката за 3-те фестивалски, награди: златната, сребрената и бронзената Камера 300; Клубот на великаните/светски кинематографери, лауреатите на Златната Камера 300 за животен опус и на Специјалната Златна Камера 300 за особен придонес во светската филмска уметност. Со постоењето на фестивалот Браќа Манаки преку програмските сегменмти се афирмираат и проверуваат креативните потенцијали и на македонските филмови и нивните креатори, особено им се дава можност да ги одмеруваат вредностите нашите кинематографери, меѓу кои некои успеава да станат и лауреати во компетициите, на целовечерните играни и кратки филмови. Заради одржување на хрониката за континуитетот на нашите кинематографери, во првата етапа на фестивалот Браќа Манаки, водечка и во општојугословенски рамки, е големата ветеранска петорка: Киро Билбиловски, Љубе Петковски, Бранко Михајловски, Мишо Самоиловски и нешто помладиот од нив Драган Салковски. Кон нив од средната

генерација се надоврза Влатко Самоиловски, па од него помладите: Дејан Димески, Томи Салковски, Димо Попов и најмладиот Наум Доксевски.

ДФРМ, исто така, со должен респект кон  она што е дел од неговата историја и традицијата на македонската кинематографија, се залага за враќање на сигурни позиции и на продуцентската куќа ВАРДАР ФИЛМ, како нејзин потврден и докажан синоним низ повеќе децении. Затоа, во континуитетот на потребите за промени и функционална реорганизција, ДФРМ, во взаемноста со Филмскиот Фонд и новиот преформулиран статус на Вардар Филм, со кадровски обединувачки продуцентски  и техничко-технолошки перформанси, со елементи на Национален Филмски Центар/Институт, треба да ја гледа перспективата во динамиката и континуитетот на растежот на македонската кинематографија.